Во чест на Лазо Трповски

ООУ,,Лазо Трповски,,

Секоја година на 11 Април,нашето училиште го слави својот патрон,големиот херој Лазо Трповски

Раните години на нашиот патрон

Лазо Трповски се родил како прво дете на Насо Трповски,во 1901 година во селото Дмбени чие семејство дало многу револуционери, активни учесници во револуционерното движење во Егејска Македонија и Грција.

Првата светска војна го затекнала како момче на петнаесетина години. Не е познато кога точно станал активен член на Комунистичката партија на Грција, но честопати го предизвикувал вниманието на полицијата поради своите отворени истапи против експлоатацијата на работниците.

Надвор од Македонија

Во 1928 година Лазо Трповски за да не оди во затвор во Грција отишол во Канада,каде продоолжил политички да дејствува залагајќи се за самоопределувањето на Македонците како посебна нација.Тој бил активен член на Комунистичката партија на Канада.

Кога бил протеран од Канада Лазо Трповски оди во Советскиот Сојуз,во Москва,каде живее 3 години.

Што им напишал Трповски на своите другари од Канада

„Дали ќе останам жив, не е толку важно. Јас нема да бидам ни првиот, ни последниот што ќе го жртвува својот живот во борбата. Жалам само за едно - што не можам да бидам меѓу вас да ги искорениме агентите на фашизмот и врховизмот од редовите на иселениците. Убеден сум дека Вие, моите другари, ќе по продолжите и ќе го завршите тоа дело...

Учество во Народно ослободителната борба

Лазо Трповски активно учествувал во НОБ во егејскиот дел на Македонија. Тој во 1943 година формирал посебен македонски одред со командирот Паскал Михаиловски и комесарот Аргир Валсамов, со задача да агитира сред заведените од окупаторот Македонци за живо разоружување, а во случај ваквата агитација да остане бесплодна, македонскиот одред да биде тој што ќе ги нападне и обезоружи контрачетниците.

Лазо Трповски не доживеал да го види разгорот на НОБ. На одење за Солун, надвор од селото Хејбели (Имера), Кожанско, Лазо заедно со други шестмина, меѓу кои двајца членови на Покраинскиот комитет, на 11 април 1943 година паднале во заседа на националистите од колаборационистичката организација ЕКА и биле масакрирани на дивјачки начин.

Во септември 1943 година, неколку месеци по неговата смрт, во Костурско бил формиран партизанскиот одред составен од Македонци, кој во чест на Лазо Трповски бил именуван според неговото име.

Денес, повеќе улици во македонските градови,како и нашето училиште го носат името на големиот македонски херој Лазо Трповски.

Нека ни е честит патрониот ден ученици!!!